За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 70**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за хемикалии, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 71**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за здравственото осигурување, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 72**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за употреба на знаковниот јазик, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и м-р Снежана Костовска Фрчковска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 73

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ѓултен Мустафова, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 74

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и м-р Снежана Костовска Фрчковска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 75

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за семејството, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и м-р Снежана Костовска Фрчковска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 76

Владата го разгледа Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | «GenerationDateTime» |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу. «VerificationHyperLink» |

«Image:BarCode»

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ѓултен Мустафовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 77**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Снежана Костовска-Фрчковска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 78**

Владата го разгледа Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка (најнов текст) и го утврди со заклучок предлагачот пред потпишување текстот на Предлог – законот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Пречистениот текст на Предлог – законот согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Вера Ристовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 79**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 80

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 81

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 82

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Акцискиот план за развој на вонболничка постоперативна грижа на пациенти, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува информација за прогрес на активностите од Акцискиот план, се до конечна реализација на Проектот за развој на вонболничка постоперативна грижа на пациенти.

## Точка 84

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од продолжување со постапката за конкурентен дијалог и за потребата од објавување на покана за учество во втора фаза на дијалог за јавна набавка на работи - изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за здравство да се усогласи со Министерството за финансии.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Договор за грант за проектот за подобрување на музички инструменти и опрема за звук и осветлување на Национална опера и балет, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за грант за проектот за подобрување на музички инструменти и опрема за звук и осветлување на Национална опера и балет.

2. Се овластува директорот на Национална опера и балет од Скопје, м-р Васо Ристов да го потпише Договорот за грант од Јапонија.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за План за Гаранција за млади 2020-2022 година, со нов текст на План за спроведување на Гаранција за млади 2020-2022, ја усвои Информацијата и го прифати текстот на Планот за спроведување на Гаранција за млади 2020-2022, со заклучок Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Планот согласно укажувањата на Министерството за финансии, како и да обезбеди мислење од Министерството за образование и наука.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на нов модул во Мултиплатформскиот систем за колаборација за Е-седница на Владата со дигитално потпишување на PDF документи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да пристапи кон воведување на нов модул во Мултиплатформскиот систем за електронска седница на Владата, со дигитално потпишување на PDF документи.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во процесот на имплементирање на новиот модул за дигитално потпишување на PDF документи, да организира и спроведе обуки за членовите на Владата и административните службеници во институциите корисници на системот.

## Точка 88

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

## Точка 89

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

## Точка 90

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

## Точка 91

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за основање на Технолошко – технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, нема

забелешки по истиот и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

## Точка 92

Владата го разгледа Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи.

Владата на Република Северна Македонија ја разгледа и нема забелешки во однос на содржината на предложените измени и дополнувања од Законот за јавнообвинителска служба, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

## Точка 93

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 89 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19), поднесено од пратеникот Хари Локвенец и притоа го утврди следново мислење:

Во член 89 од Законот за основното образование е уредена постапката за трансформација на работен однос на воспитувач од определено во неопределено време односно дека:

„(1) Во дејноста на основното образование трансформацијата на работниот однос од определено во неопределено време е дозволена само ако:

- воспитувачот има работен стаж повеќе од две години во воспитно-образовна установа верифицирана од министерството, со прекин или без прекин,

- воспитувачот е на работното место за кое се бара трансформација, испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,

- воспитувачот ги исполнува условите предвидени во нормативот за воспитувач,

- работодавачот утврди дека има трајна потреба од воспитувач и истото нема да предизвика технолошки вишок,

- воспитувачот има положен стручен испит и е добиена согласност за трансформација на работен однос од Министерството.

Институција Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време «GenerationDateTime»
Верификација Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу.
«VerificationHyperLink»
«Image:BarCode»

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

(2) Барањето за трансформација на работен однос, училиштето го доставува до Комисијата за трансформација на работен однос (во натамошниот текст: Комисијата за трансформација), која ја формира градоначалникот на општината, односно министерот за државните основни училишта и е составена од три члена и тоа: по еден член од општината, односно Министерството, Државниот просветен инспекторат и репрезентативниот синдикат за образование. Претседател на комисијата за трансформација е претставникот од Државниот просветен инспекторат.

(3) Комисијата за трансформација се формира за период од три години.

(4) Кон барањето за трансформација на работниот однос, училиштето до Комисијата за трансформација доставува:

- извештај за остварен работен стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија,

- изјава од директорот на училиштето дека постојното работното место за кое се бара трансформација е испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,

- изјава од директорот на училиштето дека има трајна потреба од лицето и нема да предизвика технолошки вишок,

- копија од диплома/уверение за завршено соодветно образование согласно со нормативот,

- копија од уверение за положен стручен испит и

- анализа на работните места на ниво на училиште.

(5) Комисијата за трансформација врши проверка на доказите од ставот (4) на овој член и изготвува извештај со предлог за трансформација само за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос. Извештајот со предлогот потребно е да содржи и анализа на работните места на ниво на училиште и на општина и истиот задолжително треба да биде потпишан од сите членови на Комисијата за трансформација.

(6) Комисијата за трансформација за општинските основни училишта извештајот со предлогот од ставот (5) на овој член, го доставува до Министерството.

(7) На воспитувачите кои не ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член, Комисијата за трансформација ги враќа документите на училиштето со образложение, во рок од седум дена од денот на разгледувањето на истите.

(8) Директорот на основното училиште врз основа на известувањето од ставот (7) на овој член, во рок од седум дена од денот на добивањето на известувањето, донесува одлука за одбивање на трансформација на работниот однос.

| | | |
|---|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија | |
| **Датум/Време** | «GenerationDateTime» | |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу. «VerificationHyperLink» | «Image:BarCode» |

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

(9) Воспитувачот кој не е задоволен од одлуката од ставот (8) на овој член, има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(10) Министерството врз основа на извештајот со предлогот од ставот (5) на овој член, за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос дава согласност за трансформација на работниот однос.
(11) Директорот на основното училиште врз основа на дадената согласност од ставот (10) на овој член, во рок од седум дена од денот на добивањето на согласноста, донесува одлука за трансформација на работниот однос.“.

Согласно цитираниот член 89 од Законот за основното образование, може да се утврди дека во став (5) од истиот член не е утврден законски рок до кога Комисијата за трансформација извештајот со предлогот за трансформација го доставува до Министерството. Имајќи во предвид дека обемот на работа на Комисијата за трансформација може да биде различен и менлив, во зависност од бројот на вработени кои ги исполниле условите за трансформација на работниот однос, обемот на анализата на работни места на ниво на училиште и на ниво на општина, различната големина на општините, различен број на вработени во училиштата и различен број на училишта, Владата на Република Северна Македонија цени дека ист рок не може да биде применлив за сите општини и дека не треба да се ограничува периодот односно да се става законски рок до кога Комисијата за трансформација извештајот со предлогот за трансформација треба да го достави до Министерството. Ограничувањето со законски рок воедно може да придонесе и за правење на неквалитетни и брзи анализи на работни места на ниво на училиште и на ниво на општина, кои се значајни да не се прават технолошки вишоци во училиштата односно општините. Воедно имајќи во предвид дека Комисијата за трансформација ја формира градоначалникот на општината, односно министерот за државните основни училишта, не постои законска пречка во решението за формирање на Комисијата да се утврди рок за доставување на извештајот со предлогот за трансформација до Министерството за образование и наука.

Воедно, напоменуваме дека согласно Законот за општата управна постапка (член 93) управната постапка во прв степен, поведена по барање, освен кога е поинаку предвидено со закон, се завршува во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на нејзиното поведување. Рокот започнува да тече од денот кога странката го поднела барањето со сите докази кои била должна да ги поднесе.

Воедно во ставот (5) од истиот член е уредено дека Извештајот со предлогот потребно е да содржи и анализа на работните места на ниво на училиште и на општина и истиот задолжително треба да биде потпишан од сите членови на Комисијата за трансформација. Не е уредена можност или причини под кои може Комисијата да не го потпише Извештајот со предлогот. Комисијата функционира како целина и има можност или да прати извештај со предлог за трансформација до Министерството за образование и наука или на воспитувачите кои не ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член, Комисијата за

трансформација ги враќа документите на училиштето со образложение, во рок од седум дена од денот на разгледувањето на истите.

Поради горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 89 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19).

Точка 94

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 372 став 3 точка 6 од Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), поднесено од пратеникот Ане Лашкоска и притоа го утврди следново мислење:

Пратеникот Ане Лашкоска, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија поднесе барање за автентично толкување на член 372 став 3 точка 6 од Законот за парничната постапка (во натамошниот текст: ЗПП).

Наведената одредба од ЗПП се однесува на ревизијата како вонреден правен лек и го предивидува следното:

„Член 372
(1) Против правосилна пресуда донесена во втор степен странките можат да изјават ревизија во рок од 30 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата.

(2) Странките можат да изјават ревизија против второстепена пресуда, ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на пресудата надминува 1.000.000 денари.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, без оглед на вредноста на спорот, ревизијата секогаш е дозволена:

1) во спорови за издршка;
2) во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката;

3) во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос;

4) во спорови за заштита на авторско право освен за паричните побарувања по тој основ;

5) во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања освен за паричните побарувања по тие основи и

| | |
|---|---|
| Институција | Влада на Република Северна Македонија |
| Датум/Време | «GenerationDateTime» |
| Верификација | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу. «VerificationHyperLink» |

«Image:BarCode»

Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.

6) во спорови во кои во постапка по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда.

(4) Ревизијата по исклучок е дозволена и против второстепена пресуда против која не може да се изјави ревизија според ставот (2) од овој член, ако второстепениот суд во изреката на пресудата што ја донел, тоа го дозволил. Второстепениот суд може да дозволи ревизија со конкретизирање на опфатот на правното прашање кое би се покренало пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, ако оцени дека одлуката во спорот зависи од решавање на некое материјално-правно или процесно-правно прашање важно за обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската практика. Во образложението на пресудата второстепениот суд е должен да наведе заради кое правно прашање ја дозволил ревизијата и да ги наведе одлуките кои укажуваат на невоедначена примена на законот, како и да ги образложи причините поради кои смета дека ова е важно за обезбедување на единствена примена на закон и воедначување на судската практика.

(5) Одредбите од ставовите (2) и (4) на овој член не се применуваат во оние спорови за кои со овој или со друг закон изрично е одредено дека за нив ревизија не е дозволена.“

Подносителот на Барањето е на ставот дека Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно горенаведената одредба е обврзан да постапува, а не врз основа на мислењата кои ги носи, односно дека предметот е од мала вредност, по што одбива да одлучи по вонредниот правен лек или ги отфрла како неосновани. Барањето за автентично толкување е поднесено со барање за толкување дека постои законска обврска за почитување на одредбата и за постапување по вонредните правни лекови – ревизија, а не според правните начелни мислења кои ги носи Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Во врска со одредбата и барањето за автентично толкување, Владата на Република Северна Македонија е на ставот дека одредбата од членот 372 став 3 точка 6 е јасна и недвосмислена. Таа предвидува дека без оглед на вредноста на спорот, во случаите кога второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда, ревизијата е секогаш дозволена. Меѓутоа, мора да се земе предвид фактот дека наведената одредба е општа одредба од парничната постапка која се наоѓа во Дваесет и петтата глава која ги регулира вонредните правни лекови.

Ревизијата е вонреден правен лек со кој странките може да побиваат правосилна пресуда донесена во втор степен. При тоа, користењето на ревизијата е ограничено. Ограниченоста е двојна: во поглед на дозволеноста кога може да се изјави и во поглед на причините поради кои може да се изјави.

Во однос на дозволеноста на ревизијата, повторно законодавецот предвидел двојно ограничување: со оглед на вредноста на спорот и со оглед на видот на спорот. Така, со оглед на вредноста на спорот (ratione valoris) ревизијата е дозволена доколку вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел од пресудата надминува 1.000.000 денари.

Со оглед на видот на спорот (ratione materiae) независно од вредноста на спорот, ревизијата е секогаш дозволена:

1) во спорови за издршка;
2) во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката;
3) во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос;
4) во спорови за заштита на авторско право освен за паричните побарувања по тој основ;
5) во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања освен за паричните побарувања по тие основи и
6) во спорови во кои во постапка по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда.

Од друга страна, напоменуваме дека законодавецот предвидел посебни одредби во ЗПП за одредени постапки. Така, во член 414 став (4) предвидува дека „Против решенијата донесени во постапката поради смеќавање на владение, ревизија не е дозволена". Исто е предвидено и дека „Во споровите од мала вредност не е дозволена ревизија против правосилна одлука на второстепениот суд" (член 438 став 4). При што, член 429 предвидува дека „Ако во оваа глава не постојат посебни одредби, во постапката во споровите од мала вредност ќе се применуваат другите одредби на овој закон."

Така, посебните одредби предвидени во одредени постапки, како во постапката во спорови од мала вредност, ги дерогираат општите одредби на парничната постапка. Тоа е воочливо и од членот 469 од ЗПП каде се предвидува следното:

„(1) Ревизија во стопанските спорови против правосилна пресуда донесена во втор степен е дозволена ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на правосилната пресуда надминува 1.500.000 денари.

(2) Ревизија во стопанските спорови против второстепена правосилна пресуда секогаш е дозволена во споровите од членот 372 став (3) точки 4 и 5 на овој закон."

Сосем е јасно дека законодавецот во постапката во спорови од мала вредност (членови 429 – 438 од ЗПП) не предвидел слична одредба како на членот 469 став 2 од постапката во стопански спорови, цитирана погоре во текстот.

Се нагласува дека согласно член 101 од Уставот на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија е надлежен за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Воедно, членот 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите предвидува дека „Врховниот суд на Република Северна Македонија на општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | «GenerationDateTime» |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу. «VerificationHyperLink» |

«Image:BarCode»

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Врховниот суд на Република Северна Македонија", додека пак ставот 2 предвидува задолжителност на начелните ставови и правни мислења за сите совети на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид наведените одредби, а од друга страна поставеното прашање во однос на членот 372 став 3 точка 6 од ЗПП, се смета дека е неспорно дека во споровите од мала вредност се применува одредбата од членот 438 став 4 од ЗПП.

Тргнувајќи од сето горенаведено, Владата на Република Северна Македонија смета дека не е потребно автентично толкување на одредбата од членот 372 став 3 точка 6 од Законот за парничната постапка.

## Точка 95

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 101 став (7) а во врска со член 190 од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2019), поднесено од пратеникот Реџаил Исмаили и притоа го утврди следното мислење:

Согласно со член 190 од Законот за јавните набавки, со денот на започнувањето на примената на овој закон, престанува да важи Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 111/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016, 165/2017 и 83/2018).

Согласно со членот 48 став (8) од претходниот Закон за јавните набавки кој повеќе не е во сила, доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган до електронскиот систем за јавни набавки доставува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот носител на набавка од сите идни постапки за доделување договори за јавни набавки во период од една година од денот на објавувањето во случај на прва негативна референца, за што го известува понудувачот. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителна една година при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од пет години.

Новиот Закон за јавните набавки не предвидува ваква обврска за договорниот орган, односно доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, договорниот орган не издава негативна референца.

При тоа, предвид треба да се имаат и одредбите од членовите 128 и 189 од постојниот закон. Согласно со членот 128, постапката за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

Иста ваква одредба содржеше и претходниот закон во членот 170-а од истиот.

Согласно со членот 189 од постојниот закон, постапките за јавни набавки

започнати пред денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 111/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016, 165/2017 и 83/2018).

Земајќи ги предвид горенаведените законски одредби, може да се заклучи дека во моментов претходниот закон не се применува, освен за постапките за доделување договори кои се започнати пред отпочнувањето со примена на новиот закон и тоа до завршување на истите, односно до конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

Предметното прашање се однесува на издавање негативна референца во фазата на реализација на договорите за јавна набавка, односно по завршување на постапката. Новиот закон нема преодна одредба која го уредува прашањето за постапување во фазата на реализација на договорот за јавна набавка која по сила на законот следува по завршување на постапката. Следствено на тоа, Владата смета дека при наплата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган не треба да издава негативна референца од денот на отпочнување на примената на постојниот закон, без оглед на тоа кој закон бил во примена при спроведување на постапката за јавна набавка.

Сепак, за негативните референци кои се издадени согласно со претходниот закон, односно пред отпочнувањето на примена на постојниот закон, Владата смета дека постојниот закон не содржи преодни одредби кои овозможуваат намалување на нивното времетраење согласно со условите од истиот, ниту пак бришење на негативните референци кои се издадени врз основа на наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот. Ова особено доколку се има предвид членот 45 став (1) алинеја 15 од постојниот закон, според кој Бирото за јавни набавки ја отстранува објавената негативна референца на економски оператор врз основа на одлука на надлежен орган или на барање на договорниот орган придружено со изјава од лицето кое ја издало негативната референца дадена пред надлежен орган за сторена техничка грешка. Законот не предвидува друг основ за бришење на негативната референца. Согласно со членот 52 од Уставот на Република Северна Македонија, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Се цени дека ваквата одредба остава можност, а не обврска за повратно дејствие на законите и другите прописи и тоа по исклучок, кога тоа е поповолно за граѓаните.

За да може оваа уставна можност да се операционализира, потребно е законот да содржи соодветни преодни одредби кои ќе ја нормираат. Исто така, предвид треба да се има и фактот што во конкретниот случај станува збор за економски оператори кои се деловни субјекти, односно најчесто станува збор за правни лица.

Имајќи го предвид изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека постојниот Закон за јавните набавки воспоставува јасен преоден режим на примена и постапување на договорните органи и економските оператори во постапките за јавни

набавки и нема основ за бришење на негативните референци издадени согласно со претходниот закон.

## Точка 96

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2082 за КО Јурумлери на КП бр. 94, дел 2, место викано Јурумлери и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 97

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 69675 за КО Маџари на КП бр. 1899 дел 3, викано место/улица „Париска Комуна“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 98

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Паунова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 511 за КО Стровија на КП бр. 1775, Имотен лист бр. 514 за КО Стровија на КП бр. 1868 и Имотен лист бр. 535 за КО Стровија на КП бр. 2225 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 99

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Сарџовска од Скопје за продажба на недвижен имот со ИЛ бр. 26446 за КО Кисела Вода 2 на КП бр. 3875, место викано Б. Николов и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 100

Владата по Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94890 на КП бр.10070 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион и Имотен лист бр.94891 на КП бр.10077 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 101

Владата по Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.96617 за КО Центар 1 на КП бр.8692 дел 1, КП бр.8692 дел 2 викано место/улица 171 и Имотен лист бр.8282 за КО Центар 1 на КП бр.8692 дел 1 викано место/улица 171 го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 102

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Тахири од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.57 за КО Усје на КП бр.712 викано место Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 103

Владата го разгледа Записникот од 15-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29.11.2019 година, со Предлог - одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од 15-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29.11.2019 година.

2. Ја утврди Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 30 јуни 2020 година) и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Венко Филипче, министер за здравство, а за повереник м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности на Координативното тело за справување со пожари на отворен простор, согласно задолжение од 15-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Формира Координативна работна група за преиспитување на законската рамка за заштита од пожари на отворен простор, со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државен инспекторат за шумарство и ловство,

Државен инспекторат за земјоделство, Шумска полиција, Управа за хидрометеоролошки работи, Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост на територијата на Република Северна Македонија „Национални Шуми“ п.о.-Скопје, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Шумарски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои во рок од 60 дена ќе дадат предлози за надминување и подобрување на констатираните нормативни состојби.

2. Институциите од Координативната работна група, во рок од пет дена до Центарот за управување со кризи да ги достават номинациите на претставниците од нивните институции, а Центарот за управување со кризи во рок од 10 дена по добивање на номинациите да свика состанок на работната група и да раководи со работата на работната група.

3. Институциите од Координативната работна група, преку изработка на акциски планови да ги зајакнат своите кадровски капацитети (краткорочно и долгорочно), со цел навремено и целосно спроведување на мерките и активностите во делот на превенцијата, раното предупредување и справување со пожарите на отворен простор.

4. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во соработка со Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дирекцијата за заштита и спасување и Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост на територијата на Република Северна Македонија „Национални шуми“ п.о.-Скопје, за наредните календарски години, во пролетните сезони да организираат и спроведат координирани кампањи за подигнување на јавната свест кај граѓаните (преку медиуми, предавања во училиштата, во сообраќајот, банери, флаери и др.) во делот на превенцијата и раното предупредување за пожари на отворен простор.

## <u>Точка 105</u>

1. Владата го именува Осман Шукриу досегашен заменик на директорот на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, за заменик на директорот на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје бр.02-402 од 9.10.2019 година, со која за директор е избран проф. д-р Ермис Лафазановски, научен советник.

3. Владата го разреши Дарко Марковски од должноста член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип.

3.1. Владата ја именува Драгица Лазаревска за член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип.

| | | |
|---|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија | |
| **Датум/Време** | «GenerationDateTime» | |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу. «VerificationHyperLink» | «Image:BarCode» |

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

4. Владата заклучи на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за формирање на Централна комисија за евалуација на предлог-листата, за период од четири години, да ги предложи:

а) за претседател
- Даниел Димевски

б) за членови:
- Ѓорѓи Тасев,
- Огнен Стојановски,
- Нијази Елмазов,
- Дриљон Леши,
- Данаил Каров и
- Сашо Поповски.

5. Владата го разреши Ненад Трајаноски од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, на негово барање.

6. Владата го разреши Никола Младеновиќ од должноста член на Советот за образование на возрасните.

6.1. Владата го именува Фљорентин Муртези за член на Советот за образование на возрасните.

7. Владата ја разреши Славица Томовска од должноста член на Координативното тело за интелектуална сопственост.

7.1. Владата ја именува Драгана Цветковска од Министерството за правда за член на Координативното тело за интелектуална сопственост.

8. Владата ја разреши Борјанка Стоименова од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Виница, на нејзино барање.

9. Владата ја разреши Радица Страхилова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Кратово.

10. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, да објави јавен оглас за именување на заменик на директорот на јавното претпријатие во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

## Точка 106

1. По повод одбележувањето на државниот празник „8 Декември - Св. Климент Охридски" Владата заклучи Владината делегација во состав:

- Хусни Исмаили, министер за култура,
- м-р Роберт Алаѓозовски, национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка и
- Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука,

на 6 декември 2019 година во 11 часот да положат цвеќе пред споменикот на Св. Климент Охридски пред Национална и универзитетска библиотека Св. Климент Охридски – Скопје.

2. Владата го разгледа Предлогот од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во врска со уплата на дополнителен надомест и трошоци за арбитражниот трибунал при постојаниот арбитражен суд за арбитражниот предмет PCA CaseNo.2018-38:1.Mr.Gokul Das Binani (India), 2.Mrs.Madhu Binani (India) V. The Republic of North Macedonia, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да го потпише налогот за исплата на дополнителен надомест и трошоци за арбитражниот трибунал при постојаниот арбитражен суд за арбитражниот предмет PCA CaseNo.2018-38:1.Mr.Gokul Das Binani (India), 2.Mrs.Madhu Binani (India) V. The Republic of North Macedonia.

3. Владата го разгледа и го усвои Извештајот на Комисијата за приватизација и донесе Решение, со кое се разрешува Софче Јовановска од должноста претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври-Еурокомпозит АД Прилеп, во државна сопственост.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 25 ноември 2019 година до 1 декември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

5. Владата по предлогот за изменување на Заклучок по Информацијата во однос на продолжување на изградбата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар кај потегот на Водно, донесен на 84-та седница на Владата, одржана на 22 август 2018 година (точка 7), заклучи Заклучокот број 8 да се измени и да гласи:

„ 8. Се препорачува на Град Скопје, преку ЈП Паркови и зеленило - Скопје да донесе Програма за рекултивација, пошумување и уредување со парковско -инфраструктурни содржини на Парк шума Водно, која ќе се спроведе според изработена техничка и планска документација."



*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

6. По повод предлогот од 15-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29.11.2019 година, Владата го задолжи Министерството за финансии да испрати допис до Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи во врска со обезбедување на финансиски средства за справување со кризни состојби.

**Точка 107**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија во периодот јули - септември 2019 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јули - септември 2019 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, за периодот април - јуни 2019 година, како материјал за информирање, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 110**

Владата го разгледа Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за октомври 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 111**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Државна лотарија на Македонија, за периодот 1.4.2019 до 30.6.2019 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Информацијата по точка 10 од 149-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 август 2019 година, со податоци за извршениот поврат на ДДВ и просечното доцнење при повратот на ДДВ, како материјал за информирање.

**Точка 113**


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | «GenerationDateTime» |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу. «VerificationHyperLink» |

«Image:BarCode»

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2014 - 2020 година, со пресек крај на 2018 година и Оперативен план за спроведување на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за период 2014 – 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај од надзорот над функционалноста на АКМИС во судовите, како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Информацијата со Барање од Општина Тетово за користење на преостанатите средства дадени со Одлука бр.44-10830/1 од 4.12.2018 година, како материјал за информирање со заклучок:

- Се препорачува на Општина Тетово да изврши целосно чистење на депонијата, во рамки на расположливите средства.

**Точка 116**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 11 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1993), поднесено од пратениците Сашко Костов и Диме Велковски и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 84 став 1 алинеја 9 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот дава помилување во согласност со закон. Тоа значи дека Уставот ја определува надлежноста на Претседателот да помилува, а потоа остава таа негова надлежност да биде подетално регулирана со закон. Во 1993 година беше донесен Закон за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/1993), кој подетално го регулираше помилувањето на Претседателот. Спорниот член 11 од Законот предвидуваше можност за давање помилување без спроведување на постапката пропишана со законот, кога е тоа од интерес на Републиката или кога посебни околности што се однесуваат на личноста и на кривичното дело укажуваат дека е тоа оправдано.

Законот за помилување беше изменет и дополнет во 2009 година

(„Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2009) кога беше укинат членот 11 кој содржеше можност за помилување без спроведување на постапка (која претходно се спроведуваше врз основа на членот 11 од Законот).

Во март 2016 година, Уставниот суд го укина целосно Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување од 2009 година (Одлука на Уставен суд, У. Бр.19-2016-0-1).



*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Значи, со Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување од 2009 година се укина членот 11 од Законот од 1993 година. Одлуката на Уставниот суд го укина Законот од 2009 година, но со укинувањето на Законот од 2009 година, не се враќа во сила одредбата од членот 11.

Во правната теорија е неспорно дека со укинувањето на одредба која заменила претходна одредба, стариот закон не се враќа автоматски.

Претходната одредба е веќе дерогирана со новиот закон кој е укинат. Но, со укинувачката одредба не се оживува старата одредба на законот која веќе била укината. „Оживувањето" на првиот закон не е возможно без изречна одредба на Уставот која би им дала вакво дејство на укинувачките одлуки на Судот.

Со оглед на тоа што, со укинувачките одредби на Уставниот суд се создава правна празнина, за да се превенира тоа некои устави содржат одредби за превенирање на вакви состојби, што не е случај со Уставот на нашата држава. Исто така, се укажува дека во правната теорија се прави и разлика меѓу ефектот на поништувачките и укинувачките одлуки. Ако законот е поништен, во тој случај претходните одредби се враќаат во сила. Во случај на поништувачка одлука на Уставниот суд, дерогативниот ефект на законот кој е поништен како неуставен, се отстранува и затоа се враќа во сила претходниот закон.

Неспорно е дека со укинувачката одлука на Уставниот суд на Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување од 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2009), не се враќа во живот одредбата од членот 11 од Законот од 1993 година, што значи дека Претседателот на Републиката немал, ниту пак сега има правна можност да даде помилување без спроведување постапка врз основа на тој член.

Сите акти за помилување на Претседателот на државата засновани на член 11 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија" бр.20/1993), после 2009 година се незаконски и како такви ништовни.

Во прилог на тоа толкување е и едно претходно донесено Решение на нашиот Уставен суд по иницијатива за оцена на уставноста на одредени членови на Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Имено, подносителите на иницијативата барале оценка на уставност на членови со кои се бришат одредби од претходен закон и барале деловите од одредбите од Законот кои се избришани да се вратат во правниот поредок. Уставниот суд за нивното барање констатира дека подносителите на иницијативата „всушност бараат Судот да преземе надлежност во случајов да ги измени нормите на Законот со враќање во сила на избришаните делови, што не е негова надлежност" (Решение У.Бр.97/2011 од 29.2.2012 година).

Понатаму, Уставниот суд во решението за отфрлање на иницијативата додава дека „Уставниот суд не е надлежен да врши законодавна функција и да нормира прописи, со враќање во сила на оние одредби кои повеќе не се во правниот поредок, ниту пак, има процесни претпоставки да постапува по иницијативата, односно да ја цени уставната



*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

основаност на бришаните одредби и од друга страна уставната основаност на одредбите со кои тие биле бришани од Законот, како и оправданоста на овие законски решенија“ (Решение У.Бр.97/2011 од 29.2.2012 година).

Тргнувајќи од горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека е оправдано да се даде автентично толкување дека членот 11 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/1993), не е дел од правниот систем на нашата држава и не може да се примени.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Меморандум за соработка за развој на пилот софтверско решение за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка за развој на пилот софтверско решение за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење.

2. Се овластува министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, да го потпише Меморандумот за соработка за развој на пилот софтверско решение за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење .

**Точка 118**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за претходна согласност на Правилник за распределбата и формирањето на надлежните органи во административни канцеларии во Една точка за услуги, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за распределбата и формирањето на надлежните органи во административни канцеларии во Една точка на услуги, во предложениот текст.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Проектот за продолжување на поддршката за лиценците набавени за националните ИКТ проекти и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 година и наредната 2020 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на Проектот за продолжување на поддршката за лиценците набавени за националните ИКТ проекти, во вкупна вредност од 40.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 38.500.000,00 денари во 2019 година и

| | | |
|---|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија | |
| **Датум/Време** | «GenerationDateTime» | |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу. «VerificationHyperLink» | «Image:BarCode» |

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

- 1.500.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација потребните средства за набавка на Проектот за продолжување на поддршката за лиценците набавени за националните ИКТ проекти да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 120

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спор поведен во Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Државното правобранителство на Република Северна Македонија како застапник на државните органи кое ги штити нивните имотни права и интереси, да го застапува Министерството за култура и да определи државен правобранител пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во врска со постапката АРБ.2019/4-4 поведена по тужба на тужителот Комерцијална банка АД Скопје, против тужениот Министерство за култура, по основ на долг со камата и трошоци во постапката.

2. Се овластува Владимир Попоски, раководител на Секторот за инвестициони работи во Министерството за култура, заедно со државниот правобранител да го застапува Министерството за култура пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во врска со постапката АРБ.2019/4-4 поведена по тужба на тужителот Комерцијална банка АД Скопје, против тужениот Министерство за култура, по основ на долг со камата и трошоци во постапката.

## Точка 121

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности на Министерството за култура по однос на оставинска постапка на оставителот Есма Реџепова - Теодосиевска од Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 122

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за донесување одлука за исплата на изведни вишоци на позиции при реализација на проектот „Обнова на опожарени конаци и изработка и реализација на проектите за црквата, трпезаријата, магерничкиот конак и магерницата на манастирот Трескавец – Прилеп" за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 123

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Договорот за доделување на државна помош, бр. 08-2909/12 од 28.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош и Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, како корисник на државна помош, со предлог - текст на Анекс на Договорот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Анексот на Договорот за доделување на државна помош, бр.08-2909/12 од 28.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ –ТО АД Скопје.

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија ќе го потпише Анексот на Договорот за доделување на државна помош, бр. 08-2909/12 од 28.10.2019 година, склучен со примателот - Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ – ТО АД Скопје.

3. Примерок од склучениот Анекс на Договорот за доделување на државна помош, бр. 08-2909/12 од 28.10.2019 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ – ТО АД Скопје, најдоцна во рок од осум дена да се достави до Министерството за финансии – Управа за јавни приходи за запознавање и понатамошно постапување.

## Точка 124

Владата го разгледа Предлог – законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии и Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, ракводител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 125

Владата ја донесе Одлуката за задолжување на Република Северна Македонија кај Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, НЛБ банка АД Скопје, Охридска банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Шпаркасе банка АД Скопје по Договорот за краткорочен кредит за отплата/рефинансирање на дел од долгорочен кредит во износ од

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | «GenerationDateTime» |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу. «VerificationHyperLink» |

«Image:BarCode»

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

155 милиони евра (втора рата од PBG заем склучен во 2013 година) кој доспева за плаќање на 29.1.2020 година, во предложениот текст.

## Точка 126

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите ја утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Маја Аргировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 127

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Чали против Република Северна Македонија, А.бр. 2804/17 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Чали против Република Северна Македонија, А.бр. 2804/17.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантот Мичо Чали, во случајот Чали против Република Северна Македонија, А.бр. 2804/17, ќе му исплати износ од 2.500 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Чали против Република Северна Македонија, А.бр. 2804/17, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација со која ги признава повредите на Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 128

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка (најнов текст), го утврди и



*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Снежана Костовска Фрчковска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 129**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со преземање на вработени од Министерство за образование и наука во Министерство за труд и социјална политика согласно договор за заедничко финансирање на јавни установи во кои се реализира основно образование за деца со посебни образовни потреби и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци Топанско поле – Скопје преку постапка на мобилност да ги распореди вработените на исто ниво, односно на работни места од областа на социјалната заштита за кои вработените ги исполнуваат општите и посебните услови од актот за систематизација, во рок од 30 дена.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 15 дена, да даде согласност за префрлање на финансиски средства за овие извршители од буџетот на Министерството за образование и наука во буџетот на Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 130**

Владата по Предлог - одлуката за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во Република Албанија, заклучи Министерството за одбрана во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави усогласен текст на предлог - одлуки, кои да се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

**Точка 131**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, во предложениот текст.

**Точка 132**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - програмата за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 133**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 134**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2018 година на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 135**

Владата го разгледа Предлог - законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Мислења по текстот на Предлог - законот да доставaт Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог - законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 136**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на БРТ (Bus Rapid Transit) на територијата на Град Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Град Скопје, да подготви и достави барање до ЕБОР (Европска банка за обнова и



*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

развој) за изразување на интерес за финансирање на овој проект, со заем во износ од 70 милиони евра, каде заемопримач ќе биде Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Град Скопје во барањето наведено во заклучокот број 1 да побара и техничка помош од ЕБОР (Европска банка за обнова и развој) за подготовка на потребните документи за точно дефинирање на инвестициската вредност на проектот, како и структурата за финансирање и имплементација на истиот.

## Точка 137

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Феткин" Кавадарци, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 138

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев" Штип, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 139

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Библиотека „Кочо Рацин" - Тетово, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 140

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Локална библиотека „Гоце Делчев" - Велес, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 141

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дом на култура „Кочо Рацин" Кичево, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 142

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески" Прилеп, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 143**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 144**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот во Тетово, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 145**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Искра" Кочани со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 146**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 147**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга, со заклучок предлагачот до потпишување да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 148**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 149**

Владата ја разгледа Информацијата за ВБИФ апликација за Предлог - проект за продолжение на постоечкиот Проект за изградба и опремување на спортски сали во



*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

основните училишта и рехабилитација на основни и средни училишта – реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта и опремување на 50 постоечки училишни спортски сали во основни училишта и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува националниот ИПА координатор/Секретаријатот за европски прашања да ја поднесе Апликацијата за инвестициски грант за Предлог - проект за продолжение на постоечкиот Проект за изградба и опремување на спортски сали во основните училишта и рехабилитација на основни и средни училишта – реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта и опремување на 50 постоечки училишни спортски сали во основни училишта во рамките на 5-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) до Европската комисија, најдоцна до 6.12.2019 година.

## Точка 150

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука и го утврди како Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука, по скратена постапка со следните заклучоци:

1. Во членот 5 да се наведе кое средно стручно училиште од Куманово ќе биде опфатено со овој закон, имајќи го предвид Заклучокот од 164-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2019 година, точка 51.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука, по скратена постапка, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник м-р Енвер Хусејин, државен секретар во Министерството за образование и наука.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:10 часот.

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** «GenerationDateTime»

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу.
«VerificationHyperLink»

«Image:BarCode»

*Овој документ е официјално потпишан со дигитален потпис, дигитален печат и временски печат. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Кочо Анѓушев

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | «GenerationDateTime» |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација односно на линкот подолу.<br>«VerificationHyperLink» |

«Image:BarCode»